Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14, 27/2016 и 11/2018), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп

Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп бр.01-1199/1 од 01.06.2015 година, 01-1199/4 од 11.08.2015, 01-2431/1 од 02.11.2015, 01-1268/1 од 02.06.2016 и 01-920/1 од 05.03.2018 година, во глава IV.Опис на работните места во Општина Прилеп, во работното место под реден број 1.Секретар на општина во делот Вид на образование после зборот после зборот „правни" се додаваат зборовите „или економски".

Член 2

Во работното место под реден број 9.Раководител на одделение за општи работи во делот Вид на образование после зборот „науки" се додаваат зборовите „или хемија"

Член 3

Во работното место под реден број 38 Раководител на одделение за контакт со граѓаните, невладините организации, облиците на месна самоуправа, информирање, правна помош, предлози и претставки во делот Вид на образование зборот „економски" се заменува со зборот „политички ".

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и админиатрација.

Бр. 01-1896/1
17.05 2018 година

Градоначалник на Општина Прилеп

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Архивски бр. 12/6-1646/ 6
Дата: 31.05.2018

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Локална самоуправа
Примено: 04.06.2018

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| --- | --- | --- | --- |
| 01 | 1896/3 | | |


Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mls@mls.gov.mk
Сајт: www.mls.gov.mk

До: општина Прилеп

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 27/16), Министерството за информатичко општество и администрација дава

ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ
на

Правилникот измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Прилеп, со архивски број 01-1896/1 од 17.5.2018 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Прилеп, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на согласност на Правилникот за измена и дополнувањена Правилникот за систематизација на работните места.

Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените актите и утврди дека истите се во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава писмена согласност на Правилникот измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Прилеп, со архивски број 01-1896/1 од 17.5.2018 година.

Со почит,

Државен секретар
М-р Јахи Јахија

Подготвил: Бранка М. Коцевска

Рок на чува... год.
20 18 ПОТПИС,

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.11/2018), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп број 01-1199/1 од 01.06.2015, 01-1199/4 од 11.08.2015, 01-2431/1 од 02.11.2015 и 01-1268/1 од 02.06.2016 година и тоа:

Во глава II во членовите 7, 8 и 9 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (В2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат, Тест Даф
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 3,5-4,5 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите нивоа на категорија-В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите нивоа на категорија-Г преку поседување на меѓународно призанат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**Член 2**

Во Глава II во членовите 7, 8, и 9 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање

на комјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување (кај сите нивоа од категоријата –Б)".

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-330/2
14.03 2018 год.
Прилеп

Градоначалник на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Република Македонија
ПРИЛЕП
Општина Прилеп

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Локална самоуправа

| ПРИМЕНО: 19.03.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед | Број | Прилог | Вредн. |
| 01 | 330/4 | | |

**Архивски бр.** 12/6 – 1646/4
**Дата:** 15 03 2018

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mis.gov.mk

**ДО: Општина Прилеп**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/2016), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Прилеп, број 01-330/2 од 14.03.2018 година.

***Образложение***

Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/18) врши измена на основниот текст на законот, меѓу другото и во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, кој се однесува на познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

Постапувајќи согласно утврдената обврска за усогласување на актите за систематизација на работните места во институциите од јавниот сектор, содржана во член 28 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за административните службеници општина Прилеп, изготви акт за изменување и дополнување на постојниот Правилник за систематизација на работните места, број 01-330/2 од 14.03.2018 година и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, достави барање за добивање на претходна согласност.

Врз основа на изложеното, а во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горенаведеното.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
М-Р ЈАХИ ЈАХИЈА

*Изготвил: Бранка М.Коцевска*

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија' бр. 27/14 и 199/14, 27/2016 и 11/2018), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

Во акта
Рок на ... 01.01 ... год.
... 2018 ПОТПИС,

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп бр.01-1199/1 од 01.06.2015 година, 01-1199/4 од 11.08.2015, 01-2431/1 од 02.11.2015, 01-1268/1 од 02.06.2016, 01-920/1 од 05.03.2018 и 01-1896/1 од 17.05.2018 година, во глава IV.Опис на работните места во Општина Прилеп, во работното место под реден број 36.Помлад соработник за следење и поддршка на локалниот економски развој во делот Вид на образование зборовите „правни науки" се заменуваат со зборовите „наука за јазикот"

Член 2

Во работното место под реден број 52.Виш соработник за буџетско и финансиско материјално работење, во делот Вид на образование после зборот „науки" се додаваат зборовите „или организациони науки и управување (менаџмент)"."

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и админиатрација.

Бр. 01-2828/1
25.07.2018 година

Градоначалник на Општина Прилеп

Република Македонија
ПРИЛЕП
Општина Прилеп

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Архивски бр. 12/6-1646/8
Дата: 01.08.2018

[redacted]
ОПШТИНА [redacted]
•Локална самоуправа•

| ПРИМЕНО: 06.08.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 01 | 2828/3 | | |

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mis.gov.mk

До: Општина Прилеп
ул. Прилепски бранители бр. 1 Прилеп

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, и 35/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ
на

Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп, со архивски број 01-2828/1 од 25.07.2018 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Прилеп, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп, со архивски број 01-2828/1 од 25.07.2018 година.

Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените актите и утврди дека истите се во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава писмена согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп, со архивски број 01-2828/1 од 25.07.2018 година, со архивски број 01-2828/1 од 25.07.2018 година.

Со почит,

Државен секретар
М-р Јахи Јахија

Подготвил: Ребека Ракип
Контролирал: Бранка М. Коцевска